Australian Macedonian
# TODAY
33 YEARS
Австралиско Македонски ДЕНЕС
YEAR XXXIV No 1972 2 AUGUST 2024 FREE

FREE DIGITAL EDITION
SCAN the QR CODE
SIGN UP NOW!
РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe

## ПРЕТСЕДАВАЧОТ СО ГРУПАТА ЗА ПРИЈАТЕЛСТВО НА ПАРЛАМЕНТОТ ВО КАНБЕРА Е ВО СКОПЈЕ:



# ЗАЦВРСТУВАЊЕ НА ВРСКИТЕ ПОМЕЃУ МАКЕДОНИЈА И АВСТРАЛИЈА

Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Австралија и со Парламентот на Нов Зеланд, оствари средба со Касандра Фернандо, претседателка на Групата за пријателство од Парламентот на Австралија.

Средбата ја отвори претседателот на Групата, Љупчо Пренцов, кој изрази задоволство од можноста за поблиско запознавање и размена на искуства со претставници од пријателската земја како Австралија.

Во таа насока, своето задоволство го искажа и претседателката на Австралиската група, Фернандо, потенцирајќи ги пријателските односи и пригодата преку овие средби да учат повеќе едни од други и да се слушнат нови идеи.

Присутните се согласија дека соработката треба да се интензивира на повеќе полиња, како економија, образование, култура, туризам, што ќе биде во корист на двете држави. Многубројната македонска дијаспора во Австралија, која што е вклучена во сите општествени сфери, претставува цврст мост за соработка и мотив плус за продлабочување на односите.



# Од несовесен потпалувач целосно изгоре платформата кај Смоларските Водопади





Целосно изгоре платформата за набљудување кај Смоларскиот Водопад. Пожарот го предизвикал несовесен граѓанин.

Во понеделникот ден целосно изгореа видиковецот и реновираната платформа за набљудување на Смоларскиот Водопад која беше пуштена во употреба пред само еден месец. Од Територијалната противпожарна единица во Струмица велат дека пожарот избувнал околу 18 часот, по што брзо се раширил и ја зафатил блиската шума на исток кон планината Беласица, но за среќа по брзата реакција спречено е понатамошно ширење на огнот.

Градоначалникот на Општината Ново Село, Ѓорѓе Божинов побара најостри санкции и откривање на сторителот зашто овој акт претставува зло кон општеството во кое живееме.

Воведена е забрана за пристап на Смоларски Водопад заради безбедносни причини, се додека не биде изградена нова платформа.

# Формалдехид во клиничкиот систем за кислород



Лабораториските испитувања во Германија на примероци од воздухот во операционите сали во Клиничкиот центар „Мајка Тереза“ во Скопје открија мала концентрација на формалдехид. Тоа соединение ги иритира горните респираторни патишта, очите и носот и може да предизвика алергии и воспаленија, а при подолготрајна изложеност може да биде и канцероген. Ако се работи за повеќе од 0.75 мкгр таму веќе може да има белодробен едем и други посериозни компликации. Но, во случајов се работи за микроконцентрации.

Неодамна објавениот тендер за комплетно нова компресорска станица и нова инсталација пропадна и веќе се распиша нов. Процедурата се очекува да заврши за 4-5 месеци.

Од мај наваму во Клиничкиот центар функционираат само една третина од вкупно 22 сали (таму кај што има помошни системи). Неитните случаи се одложуваат за по неколу месеци.

AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: amwtoday@icloud.com






# Гори Македонија пред Илинден, има и една жртва

Едно повозрасно лице загина во кумановското село Кокошиње, задушено од чад во сопствената куќа, во пожарот што го зафати ова село. Сопругата на загинатиот била успешно евакуирана.

Се сеќаваме дека во големите пожари во 2021 година загина старицата Стојанка во Старо Нагоричане, а тогаш нејзиниот партнер дедо Стојан куртули.

Инаку минатава седмица Македонија ја зафатија над 65 шумски пожари кои предизвикаа широко распространет чад во регионот на Овче Поле, а чад и пламени се видливи на повеќе локации. Атарите на над 19 села во земјата беа зафатени со пожари на отворен простор. Во дел од нив пожарот навлезе и изгоре педесетина куќи (Малино, Богословец, Немањица, Кокошиње…). Се работи претежно за напуштени објекти во слабо населени села во Светиниколско, Кумановско, Пробиштипско и Штипско.

Опожарени се земјоделски површини и лозја, како и нископстеблеста шума и трева.

Пожарите најтешко ги зафатија следните општини:

Куманово: Селата К'шање, Кокошиње и Мургаш, каде што изгореа претежно викендички.

Старо Нагоричане: селата Малотино, Руѓенце и Коњу, кои имаат малку жители и стари куќи.

Свети Николе: Село Немањици, каде изгореа десетина куќи, меѓу кои и најмалку една нова куќа. Значителни штети претрпеа и селата Малино и Орел.

Пробиштип: Селата Горно Барбарево и Стрисоце доживеаја пожари во куќи.





Штип: Село Стар Караорман, каде се уште се нејасни информациите за штети.

### Селани со полиција беа терани да се евакуираат

Дел од жителите на светиниколското село Немањица не сакале да бидат евакуирани и да ги напуштат куќите, овците и другиот добиток. Затоа беше пратена полиција да ги натера да се евакуираат.

Против пожарите беа ангажирани „ер-тракторите" на ДЗС како и хеликоптерите на Армијата и Полицијата но тие имаа ограничен ефект. Вклучени се и голем број пожарникари, вработени во „Македонски шуми" и доброволци од Штип, Неготино, Кавадарци и Велес.

За да се спречи ширењето на „огнените змии" кон Свети Николе и Штип со градежна механизација се правеа „меки појаси", а населението на загрозените региони беа повикани да го прават тоа како превенција.

Противпожарните екипи успејаа да го ставаат под контрола пожарот кој се закануваше да ги зафати првите куќи во Пехчево. Планината е целосно пеплосана а огнот се помести кон бугарска страна.



# Младиот сурфер ја загуби ногата од ајкула




Сурфер чија нога беше исфрлена од водата на австралиска плажа откако го нападна ајкула потврди дека не можеле повторно да ја зашијат. **Каи Мекензи**, 23, сурфал во близина на *Порт Мекквари* во *Нов Јужен Велс* кога бил нападнат од ајкула. Тој успеал да стигне до брегот, каде што му помогнал случаен минувач кој направил импровизирана обвивка за да го запре крварењето.

Недолго потоа, ногата се појавила на брегот и мештаните ја ставиле на мраз пред да биде однесена во болница, каде лекарскиот тим се надевал дека ќе може повторно да ја спои со остатокот од телото.

Сепак, речиси една недела по нападот, **Мекензи** објави своја фотографија од болница.

*„Дали забележавте дека нешто недостасува? Хахах“*, напиша тој на објавата.

Опишувајќи „луд напад на ајкула“, тој им се заблагодари на луѓето за поддршката ѝ донациите кои ја преплавија страницата *GoFundMe*.

Повеќе од 165.000 австралиски долари се собрани за да му помогнат да ги плати болничките сметки.

Властите соопштија дека бил нападнат од ајкула долга три метри и дека животот му го спасил полицаец кој не бил на должност, кој го користел ременот за кучето за да ја преврзе повредената нога.

**Мекензи** бил итно пренесен во локална болница, пред да биде пренесен со хеликоптер во главниот центар за траума во *Њукасл*, на околу 200 километри.

Во изјавата во четвртокот, семејството **Мекензи** му се заблагодари на целиот *„медицински персонал, случајни минувачи и одговорни за итни случаи“*.

Иако *Австралија* има повеќе напади на ајкули од која било друга земја освен *САД*, фаталните напади сè уште се релативно ретки.

## СООПШТЕНИЕ

Федерацијата на пензионерите од западниот дел на *Мелбурн* и *Викторија* ве покануваат да земете учество во прославата на големиот македонски празник *Илинден* што ќе се одржи во недела, на 4 август во *Фераро рецепција*, на адреса 14 *Onslow Ave*, во *Campbellfield* со почеток во 12.00 часот. За повеќе информации и карти јавете се кај претседателот на Федерацијата **Илија Јошевски-Мечето** на тел. **0418 396 256** или на **9367 3091**.




**Др. Сузана Котевска**
СПЕЦИЈАЛИСТ ГИНЕКОЛОГ - АКУШЕР

ВИ ГИ НУДИ СЛЕДНИТЕ УСЛУГИ И СОВЕТИ

- Водење на бременост, прегледи и породување
- Гинеколошки операции
- Гинеколошки прегледи и совети за болни менструации
- Лекување на стерилитет
- Пап тест
- Климактерични тегоби
- Совети за контрацепција
- Проблеми со бешиката

ЗАДОЛЖИТЕЛЕН Е УПАТ ОД ВАШИОТ ФАМИЛИЈАРЕН ДОКТОР

Level 1, 117 / 320 Victoria Parade East Melbourne, 3002
Inside Epworth Freemasons Medical Centre

Tel: 9419 8333 Fax: 9415 9998
email: stelaobs@bigpond.com

# Министрите за надворешни работи на Австралија, Индија, Јапонија и САД се состанаа во Токио

*САД* најавија дека планираат голема реорганизација на воената команда во *Јапонија* за да ја продлабочат координацијата со силите на своите сојузници. Тоа е една од неколкуте мерки преземени за да се одговори на она што *САД* и *Јапонија* рекоа дека е *„развивачка безбедносна средина"*, истакнувајќи ги различните закани што ги носи *Кина*, вклучително и нејзините зголемени поморски активности во *Источното* и *Јужното Кинеско Море*.



*„Сега имаме конфликти: Газа, Украина, Јужен Судан, тие добиваат големо внимание, што е разбирливо. Но, дури и кога го правиме она што треба да се направи за да се обидеме да ставиме крај на овие конфликти... не сме изгубиле од вид и навистина сме решително фокусирани на овој регион"*, рече **Блинкен**.

Во воведниот говор на почетокот на разговорите австралискиот министер за надворешни работи **Пени Вонг** изјави *„Сите знаеме дека нашиот регион и нашиот свет се преобликуваат. Сите разбираме дека се соочуваме со најконфликтните околности во нашиот регион во последните децении"*.

Нагласувајќи ја потребата да се изградат способности за кибер безбедност и да се обезбедат можности за обука за поморска безбедност за заштита и развој на просперитетот во индо-пацифичкиот регион.

По состанокот во *Токио*, **Блинкен** и **Остин** ќе одржат безбедносни разговори со уште еден азиски сојузник, *Филипините*.


INJURED? ПОВРЕДЕНИ?

- ✓ TAC
- ✓ WorkCover
- ✓ Slips & Falls
- ✓ Superannuation TPD
- ✓ All Injury Claims
- ✓ Free First Appointment
- ✓ Speak Macedonian
- ✓ Over 25 years experience in Personal Injury Claims

- ✓ Сообраќајни повреди
- ✓ Повреди на работа
- ✓ Суперануација и траен инвалидитет
- ✓ Сите видови на повреди
- ✓ Првата средба е бесплатна
- ✓ Зборуваме Македонски
- ✓ Повеќе од 30 години искуство во областа за отштета од повреди

NO CLAIM NO FEE



JOHN DELLIOS & ASSOCIATES LAWYERS

183 High Street Thomastown Tel. (03) 9464 4000

# Потворно активиран механизмот на ЕУ за цивилна заштита

Македонија повторно побара да се активира европскиот систем за помош и цивилна заштита. По еден хеликоптер од Србија и Чешка, како и два „ер-трактори" од Германија ќе бидат вклучени во гаснењето на пожарите во земјата.



# Приведен радовишанец поради подметнување пожар

Премиерот Христијан Мицкоски, коментирајќи за пожарите низ државата, рече дека е загрижен поради тоа што добива информации оти дел од нив се намерно подметнати.

На некои жаришта се најдени канти од моторно масло а полицијата привела радовишанец поради подметнување на пожар во близина на селото Али Коч. На две места во близина на ова село настанале пожари, при што горела дабова шума.

– Утврдено е дека С.Р. ги подметнал пожарите, односно сторил кривично дело по член 288 „предизвикување општа опасност" и кривично дело „предизвикување шумски пожар". Тој е лишен од слобода и во службен разговор признал дека ги сторил кривичните дела, по што е задржан во ОВР Радовиш – соопшти МВР.


Reg. No. A0042461G
АХАМ BRIDGE OF HUMANITY
ABN 93 019 262 123

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА



Места каде се издаваат и примаат кутиите

**ВИКТОРИЈА**
Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256
Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117
**ЏИЛОНГ:** Коста 0401 550 841
**АЛТОНА:** Јован 9314 8585 ,0434 088 440
**АРДИА:** Милорад и Сенди 9363 3635
**БАНДУРА:** Филимена 9467 8027
**БОКС ХИЛ-РИНГВУД:** Гоце 0431 518 568
**ДАНДЕНОНГ:** Борката 9795 6305, 0411 767 613
**КИЛО-СЕНТ АЛБАНС:**
Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256
**ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС:**
Целе Beljановски 9337 3931
**ЛАЈЛОР ЕПИНГ:**
Кинг Фреш Бурек 9401 4777,
Стојна и Панде 0481 184 038
**МЕЛТОН:**
Драги 0419 325 848
**ПРЕСТОН – НОРТКОТ:**
Валентина 0451 820 045
**ПРЕСТОН:** Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045
Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559
**РЕЗЕРВО:** Ило 9460 7802, 0432 654 251

**СЕНТ АЛБАНС:**
Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563
**ЈАРАВИЛ:** Трена 9687 4663

**НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС**
**СИДНЕЈ:** Љупчо 0415 801 989
**АРНКЛИФ:** Горан 0414 597 595
**БЕНКСТАУН – ЗАГУНА:** Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727
**КАНЛЕЈ ВАЛИ:** Илија 9754 2287
**РОКДАЕЛ:** ВМ Центури Травел 9587 5493
**КАНБЕРА – КВИНБИЈАН:** Душица 0404 149 965
**ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА:** Васко 0450 484 418

**ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА**
**АДЕЛАИД:** Драго 08 8345 1381

**ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА**
**ПЕРТ:** Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874

**КВИНСЛЕНД**
**БРИЗБЕН:** Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса


### АКАДЕМИК АБАЗИ:

# Имаме една Академија за сите

Академик Алајдин Абази, кој е еден од двајцата актуелни потпретседатели на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), во изјава за ТВ24 вели дека не може да има две национални академии на науки и уметности.

- Според принципите, не може да има две национални академии на науките и уметностите, не може општините да ја финансираат академијата како што се предлага. Имаме една Академија за сите, вели академик Абази.

Ова е уште една од низата реакции на академици, политички партии, институции и поединци по најавата на коалицијата „Вреди" дека ќе формираат „Албанска академија на науки и уметности" што прво ќе биде финансирана од општински буџет, а потоа ќе работат на нејзино финансирање од државата.

Реагираше и претседателството на МАНУ. Апелираше оваа институција да не се вовлекува во дневнополитички и партиски дискусии. Потенцираа дека во Македонија, како и во секоја земја, постои една национална академија.



### МИЦКОСКИ ЖАЛИ ШТО БУГАРИЈА ПРАВИ ПОЛИТИКА ОД ПРЕНАМЕНАТА НА ПАРИТЕ ЗА КОРИДОРОТ 8:

# „Им го побаравме проектот за нивниот дел, ама немаат таков“

Бугарија за внатрешно–политички потреби ја политизира најавата на Владата за пренамената на средствата за изградбата на пругатата кон Бугарија, смета премиерот Христијан Мицкоски. Нашата одлуката се темели на чисто инженерски проблем, бидејќи од бугарска страна не постои јасен проект. Нашата траса завршува во тунел.

- Сакаме да го направиме Коридорот 8, прв сум за тоа, но да биде како што треба. Неодговорно е да влеземе во авантура во која што не се знае дали ќе има крај и кога ќе биде крајот. Не сакаме да ни случи новиот автопат Охрид – Кичево само сега во овие 24 километри, рече Мицкоски.

Деновиве Софија реагираше со вознемиреност и посочи дека ги следи изјавите на официјални македонски политичари „насочени кон кршење на меѓународните обврски на инфраструктурно поврзување“. Зголемената вознемиреност доаѓа после на најавите дека Скопје ќе бара од Европската банка за обнова и развој да ги пренасочи европските пари за изградба на железничката компонента од Коридорот 8 за брза пруга на Коридорот 10.

Во соопштението на владата на Бугарија се вели дека токму Коридорот 8 е клучна логистичка рута долж јужното крило на НАТО со кое се поврзуваат Црното и Јадранското Море. Поради ова неговата изградба е од големо значење во актуелниот геополитички момент, а затоа одбивањето да се изградат главните компоненти ја ослабнува колективната безбедност на НАТО-алијансата, пишува во соопштението од бугарската Влада.



Истакнуваат дека модернизацијата и завршувањето на железничката компонента од бугарска страна се дел од националната програма „Транспортно поврзување 2021-2027 година“.

Мицкоски пак одговори дека го побарале проектот од бугарска страна, но нема таков.

- Ајде да биде како што треба и мислам дека ќе наидеме на разбирање, истакна тој.



# Македонските граѓани вадат бугарски пасоши од економски причини - првиот ден кога ќе станеме членка на ЕУ ќе ги искинат



Премиерот Христијан Мицкоски се осврна на причината зошто македонските граѓани вадат бугарски пасоши. На неодамнешната средба со Стопанската комора на северозападна Македонија, Мицкоски истакна дека многумина би се откажале од овие пасоши доколку Македонија стане членка на ЕУ.

- Македонските граѓани ги вадат бугарските пасоши од економски причини. Тоа не е затоа што се чувствуваат Бугари. Уверен сум дека ако го постигнеме членството во ЕУ, многумина веднаш би се откажале и би ги искинале бугарските пасоши.

Клучното прашање е зошто македонските граѓани не барале бугарски пасоши пред Бугарија да влезе во Европската унија. Прашањето за бугарскиот пасош не е поврзано со етничката или националноста. Бугарски пасоши имаат различни етнички групи во Македонија, вклучувајќи Македонци, Албанци, Турци, Срби, Власи и Бошњаци. Примарната мотивација за добивање на овие пасоши е економска. Тие го олеснуваат полесниот пристап до работни дозволи во рамките на Европската унија, рече Мицкоски.

Тој направи и паралела со економска состојба на Македонците во Албанија која ги принуди масовно да се попишуваат како Бугари на тамошниот попис.

- Претходните власти не направија ништо за нашето малцинство во Албанија, а резултатите на тие политики се катастрофални за Македонија. Се создаде бугарско малцинство кое што не постоеше во соседната земја Албанија, а македонско скоро исчезна.

## Која е причината Бугарите да бидат дел од нашиот Устав?

Премиерот Христијан Мицкоски го повтори ставот во однос на уставните измени, кои се услов за продолжување на евроинтегративниот процес. За негопри фатлива алтернатива е усвојување амандмани на Уставот, но со одложено дејство, односно да стапат во сила тогаш кога за државата ќе биде донесена одлука да стане полноправна членка на ЕУ.

- Која е воопшто причината Бугарите да бидат дел од нашиот Устав? Нека ми објасни некој која е причината и зошто тоа го прифатиле? Дали нечии права се нарушени? Што ќе правиме со 14 пресуди за правата на Македонците во Бугарија, треба некој и за тоа да ни даде одговор затоа што ние сме во Европа. Јас не сум политичар којшто кажува дали нечии права се загрозени или не се загрозени. Има институции и ние политичарите мора да престанеме да правиме преседани. Има институција во Европа, се вика Суд за човекови права и таа институција вели – нула пресуди за бугарската заедница во Македонија и 14 за македонската. Еве јас ќе отидам утре во Благоевград кај нашинците од таму кај што беше пред година и пол и тие ќе ми го постават прашањето – добро, од таа страна на границата бугарската заедница е во македонскиот Устав, а ние овдека немаме право невладина да регистрираме. Што ќе им кажам? Што ќе им кажам јас на тие луѓе? Како ќе се чувствувам јас?, кажа Мицкоски.

Жељко Стојаковиќ
Barristers & Solicitors

РАЗУМНИ ЦЕНИ ЗА НАШИТЕ УСЛУГИ
- Challenging Wills
- Family Law
- Criminal Law
- Wills & Probate
- All Courts & Tribunals
- Оспоруваме тестамент
- Семејно право
- Кривично право
- Тестаменти и Оставнина
- Сите судови и трибунали
Suite 5, Floor 1, 332A Main Rd East, St Albans
Tel: (03) 9310 9971

# Авиокомпанијата вработи стјуардеса со Даунов синдром







Авиокомпанија *Вирџин Австралија* ангажирала девојка како стјуардеса која има Даунов синдром, и го покажа патот кон вистинска инклузија. **Ели Саирс**, е член на персоналот од мај минатата година, работи во сервисната канцеларија во *Мелбурн*. *Вирџин Австралија* вработи стјуардеса со Даунов синдром: Пример за инклузивност и инспирација за други компании. првин била на пробна работа, но набрзо се покажала толку добра што добила постојано работно место. Ги извршува сите должности на теренската служба и неодамна се појави на Светската конференција за Даунов синдром во *Бризбејн*, каде што ја претставувала компанијата и ги споделувала своите искуства.

Овој потег на *Вирџин Австралија*, освен што воодушеви милиони луѓе ширум светот, охрабри и другите компании да го следат нивниот пример, поттикнувајќи ги луѓето со Даунов синдром да се пријават за работа. Веста за нејзиното вработување беше објавена на *Линкедин* и споделена на *Фејсбук*, каде фотографиите на **Ели** во униформа на авиокомпанијата предизвикаа голем број реакции. Коментарите биле различни, некои корисници пишувале дека секој заслужува шанса, додека други го фалеле развојот на инклузијата. Примерот на **Ели Саерс** и *Вирџин Австралија* покажува како инклузивното вработување може да има позитивно влијание на општеството и да ги инспирира другите компании да ги отворат своите врати за лица со посебни потреби.



# Е-скутери со ВИ технологија

*Неурон ги опремува е-скутери со камери кои ги активира вештачка интелигенција.*



*Неурон* е првиот оператор на глобално ниво кој воведе е-скутери опремени со технологија за вештачка интелигенција. Инвестицијата вредна повеќе милиони долари на е-скутерите ќе стави предни камери со вештачка интелигенција (ВИ) во *Мелбурн*. Системот *ScootSafe Vision* користи ВИ компјутерски вид за откривање возење по пешачка патека. Потоа дава предупредување во реално време користејќи гласовно наводување. Покрај тоа, може да се конфигурира да ја намалува брзината на е-скутерот додека не ја напушти пешачката патека. Со цел дополнително да се подобри, безбедносниот систем ги предупредува возачите кога има пешаци на нивната патека. Во иднина, камерите ќе се користат за собирање податоци за нерамни површини и дупки за информирање за ограничувањата на брзината и планирање на градот.

## Блокиран обидот на „Рио Тинто“ да ископува ураниум

Владата на *Австралија* го блокира повторниот обид за експлоатација на ураниум во националниот парк *Џабилука*.

Со тоа е завршен повеќедецениskиот спор за еден од најголемите наоѓалишта на висококвалитетен ураниум во светот.

Компанијата *Energy Resources Australia*, мнозински сопственик на *„Рио Тинто“* поднесе барање за обнова на лиценцата за рударење во националниот парк, што предизвика незадоволство кај локалната домородна заедница *Мирара*.

Првобитниот план беше стопиран во 90-тите години од минатиот век поради голем протест.

## ”Успение на Пресвета Богородица” - Сиденхам



Свештеникот, протереј ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *”Успение на Пресвета Богородица”* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church „Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary” Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



# Борбен авион се урна за време на воената вежба Pitch Black, пилотот е спасен

*Италија* првпат се појави на голема меѓународна воена воздушна вежба која се одржува во *Австралија*, но во воздушен инцидент остана без скапиот борбен авион. Еурофајтер тајфун на италијанското воено воздухопловство се урна во регионот *Даглас Дали*, кој е дел од *Северната Територија*. Инцидентот се случил за време на воената вежба *Pitch Black 2024*, југозападно од *Дарвин*. Пилотот успешно се катапултирал од леталото и бил спасен. Тој е во добра здравствена состојба, соопшти военото воздухопловство. Вежбата *Pitch Black 2024*, тринеделен настан кој се одржува на секои две години и чии домаќин е Кралското австралиско воено воздухопловство, привремено ги прекина сите летачки активности по несреќата.



Овогодинешната вежба воедно е и најголема во нејзината историја, со 21 меѓународен учесник и над 140 авиони од целиот свет. Вежбата се одржува од 12 јули до 2 август 2024 година, со операции базирани во базите на *РААФ Тиндал* и *Дарвин* и авиони за поддршка во *Амберли*. *Италија* првпат учествува на *Pitch Black*. Мешовит одред на италијанските воздухопловни сили од 400 војници пристигнаа во базата *Дарвин РААФ* на 5 јули 2024 година, вклучувајќи и шест авиони F-35A и F-35B Lightning II, четири еурофајтер тајфун и G550 CAEW, со поддршка на KC-767 и C-130J. Италијанските авиони, заедно со морнаричките F-35B и AV-8B, учествуваа во прелет над плажата *Миндил* на 18 јули 2024 година. По вежбата *Pitch Black*, италијанските сили ќе се упатат кон *Јапонија* на вежбата *JASDF Rising Sun 2024*, продолжувајќи ја својата индо-пацифичка кампања со заедничка обука на морнариците на носачот на авиони *Кавур*.




# Австралија, Канада и Нов Зеланд побараа Израел да ги прекине операциите во Газа




*Австралија, Канада* и *Нов Зеланд* во заедничко соопштение повикаа на итен прекин на огнот во Појасот *Газа* и предупредија на ризикот од ширење паралелен конфликт меѓу либанскиот *Хезболах* и *Израел*. Тие побараа *Израел* да одговори на судот на *Обединетите нации*, кој минатата недела пресуди дека окупацијата на палестинските територии и тамошните населби се нелегални.

*„Ситуацијата во Газа е катастрофална. Човечкото страдање е неприфатливо. Тоа не може да продолжи"*, се вели во соопштението на трите држави.

*„Израел мора да ја уважи загриженоста на меѓународната заедница. Заштитата на цивилите е најважна и тоа е барање на меѓународното хуманитарно право. Палестинските цивили не можат да ја платат цената на поразот на Хамас. Ова мора да заврши"*, се вели во соопштението.

*Канада, Австралија* и *Нов Зеланд*, исто така, рекоа дека *Израел* мора да ги повика екстремистичките еврејски доселеници одговорни за актите на насилство врз Палестинците, да ја запре програмата за населување на *Западниот Брег* и да работи на решение со две држави за конфликтот со Палестинците.

ДИГИТАЛНО ИЗДАНИЕ НА TODAY - ДЕНЕС
БЕСПЛАТНО СЕКОЈ ПЕТОК




ВО ОВА ВРЕМЕ НА БРЗИ ПРОМЕНИ, БИДЕТЕ ИНФОРМИРАНИ СО ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЗАЕДНИЦАТА ШТО ВИ СЕ ПОТРЕБНИ.

Пријавувањето е лесно за да добивате дигитален пристап бесплатно... Посетете ја интернет страницата www.australianmacedonian.com.au и пополнете ги вашите детали со име презиме и email адреса на која ќе ви стигнува дигиталното издание

БЕЗ ЛИМИТ ПОНУДА

Автоматски можете да го гледате на компјутер, таблет и мобилен телефон, каде било, во кое било време и на кој било уред. Австралискиот Македонски Денес се објавува секој петок, одржувајќи традиција на независно новинарство, откако е основан во 1991 година. Со висок стандард на содржина и презентација привлекува широк спектар на читатели од сите возрасти.

### „ТЕТКА Ѝ ДАЛА 60 ДОЛАРИ ВО НЕЈЗИНО ИМЕ ВО ХРАМОТ“:

# Се молат во индиското село на Камала да го победи Трамп и да стане претседателка



Во центарот на *Туласендирапурам*, мало индиско село, поставен е голем транспарент на **Камала Харис,** потпретседателката на *САД*. *Би-Би-Си* наведува дека тоа е родното место на нејзините баба и дедо по мајка, на околу 300 километри јужно од индискиот град *Ченаи* и 14.000 километри од *Вашингтон*.

Селаните му се молат на локалното божество за успехот на **Камала**, а нејзиното име и името на нејзиниот дедо се на списокот на основачи на селскиот храм. Тетката на **Камала Сарала** (помладата сестра на нејзината мајка) редовно го посетува овој храм.

*„Таа даде 60 долари на име на Камала“*, рече **Натараџан**, свештеник. Тој е уверен дека нивните молитви ќе му помогнат на американскиот потпретседател да победи на изборите во ноември 2024 година. Иако се илјадници километри оддалечени од *Америка*, мештаните чувствуваат поврзаност со **Камала**. Внимателно ја следат трката за американските избори, особено откако актуелниот претседател **Џозеф Бајден** се пензионираше, а **Камала Харис** се појави како демократски кандидат и негов наследник.

*„Не е лесно да се биде на позицијата што таа (**Харис**) е во најмоќната земја во светот. Навистина сме горди на неа. Некогаш Индијците беа управувани од странци, сега Индијците се на лидерски позиции во моќните земји“*, вели Кришнамурти, пензиониран банкарски менаџер. Нешто слично се случи во делови од *Индија* кога **Риши Сунак** беше избран за британски премиер. Жените се особено горди. **Камала Харис** се смета за една од нив и симбол на она што жените ширум светот можат да го постигнат.

Сите ја знаат, дури и децата, и ја викаат мајка и сестра.

*„Среќни сме што таа не заборави воопшто од каде дојде“*, вели **Арулможи Судакар**, претставник на локалното тело во селото. Возбудата и спектаклот што моментално владее низ улиците на ова село потсетуваат на сцените со огномет, постери и календари кога **Харис** беше поставена за потпретседател на *САД* во 2021 година. Беше организиран заеднички оброк, со традиционални јадења од *Јужна Индија*, како самбар и идли, кои според една од роднините на **Камала Харис** се меѓу нејзините омилени јадења. **Камала Харис** е ќерка на **Шјамала Гопалан Харис**, научник од јужната индиска држава **Тамил Наду**, која се занимавала со истражување на ракот. **Шјамала** се преселила во *Америка* во 1958 година, а нејзините родители се од *Туласендирапурам*.

*„Мајка ми дојде од Индија во САД на 19-годишна возраст - сама. Таа беше силна - научник, активист за граѓански права, мајка која разви чувство на гордост во своите ќерки“*, изјави **Харис** во 2023 година. Потпретседателката на *САД* го посетила градот *Ченаи* со нејзината сестра **Маја** по смртта на нејзината мајка кога, според хинду традицијата, таа ја расфрлила пепелта во морето, пишува весникот *„Хинду“*.




# Велика Британија е банкротирана



Британската влада, соопшти дека земјата е „банкрот и дефект", јавува *Ројтерс* и додава дека новоизбраната Лабуристичка партија ќе го искористи тој извештај за да ги обвини своите претходници за недостигот од 23,6 милијарди евра. Избрани да ја водат шестата најголема западна економија со уверлива изборна победа на 4 јули, лабуристите поголем дел од времето во трите недели на власт потрошија на убедување на јавноста дека состојбата е полоша од што се мисли во речиси секоја област на јавните политики.

Министерката за финансии **Рејчел Ривс** ги изнесе резултатите од фискалната ревизија во парламентот и ја обвини Конзервативната партија, која ја предводеше земјата во последните 14 години, дека во обид да обезбедат поддршка од јавноста ги потрошиле парите за ветувања кои не можеле да бидат финансирани и дека земјата останала „без пари".

Кабинетот на премиерот **Кир Стармер** додава, дека претходната влада презела на себе некои финансиски обврски за оваа фискална година не прашувајќи се притоа од каде ќе најде пари.

Конзервативците ги отфрлаат обвинувањата на лабуристите за „црната дупка" во јавните финансии како измислен изговор за зголемување на даноците и истакнуваат дека за тоа не кажале ни збор за време на изборната кампања. И некои економски експерти изразуваат скепса и тврдат дека има многу малку големи изненадувања кои лабуристите не можеле да ги предвидат пред преземањето на власта.

## МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ОПШТИНА ЗА МЕЛБУРН И ВИКТОРИЈА

### Македонска Православна Црква "Свети Георгиј и Пресвета Богородица"

### КОМЕМОРАЦИЈА:

# ИЛИНДЕН 121-ВА ГОДИШНИНА

**Во петок, на 2 Август 2024 г. Македонската Православна Општина за Мелбурн и Викторија (МПОМВ) ќе ја одбележи 121-та годишнина од македонскиот верски и национален празник "Илинден"**



По повод на Македонскиот национален празник Илинден, во 11.00 часот пред споменикот на Гоце Делчев, во дворот на црквата Св. Георгиј и Пресвета Богородица, 512-514 High street, Epping ќе се изврши панихида.

Делегации на Македонски организации, друштва и спортски клубови, ќе положат свежи цвеќиња и венци пред споменикот на Гоце Делчев.

Веднаш по свеченоста, МПОМВ ќе приреди топол прием за сите присутни во помошните простории на црквата. Сите се добредојдени да присуствуваат и учествуваат на свечената комеморација.



Македонските организации, друштва и спортски клубови кои се заинтересирани да учествуваат со свои делегации за положување на свежи цвеќиња и венци.

За пријава на истите, ве молиме да се јавите кај подпретседателот на МПОМВ, господин Дејан Змејкоски,на тел: 0425 378 134 или господин Ицо Најдовски-Перин на тел: 0418 223 313.

Сите сте добредојдени!

**Од Генералната Управа: Македонска Православна Општина За Мелбурн И Викторија**

# ЗАЈАКНУВАЊЕТО НА МОЗОКОТ ПОВРЗАНО СО ВЕЖБАЊЕТО МОЖЕ ДА ТРАЕ НЕКОЛКУ ГОДИНИ

Истражувачите од австралискиот универзитет во Квинсленд тестираат како активниот живот може да спречи деменција и колку вежбање е потребно за да има ефект врз когнитивното здравје, пишува Science Alert.

Претходните студии покажаа дека вежбањето може да го поништи когнитивниот пад кај глувците со активирање на растот на матичните клетки, што потоа може да го зголеми производството на нови неврони во дел од мозокот наречен хипокампус, поврзан со учењето и меморијата.

Сега е откриено дека интервалниот тренинг со висок интензитет за половина година се чини дека претставува праг за подобрувања на мозокот и зачувување на когнитивната острина во следните години.

Во студијата, 151 учесник на возраст од 65 до 85 години биле сместени во една од трите групи со шест месеци вежби со низок интензитет (како што се истегнување), вежбање со умерен интензитет (како брзо одење) и вежби со висок интензитет (близу максимално напор на велосипед за вежбање).

Со комбинирање на скенирање на мозокот и тест на крвта, истражувачите ги мереле промените во мозокот. Само групата за вежбање со висок интензитет покажа знаци на когнитивно подобрување веднаш по програмата за вежбање – и долго потоа.

„Ги следевме пет години по програмата и тие сè уште имаа подобрено познание, дури и ако не продолжија да вежбаат", велат истражувачите.

За да се разберат придобивките за мозокот, како и биолошките механизми на работа, потребна е подетална анализа.

Планот е, исто така, да се истражи како генетските фактори би можеле да имаат



ефект. Различни луѓе реагираат различно на вежбање, така што во некои случаи интервалните тренинзи со висок интензитет може да не бидат многу корисни.

Сепак, ова е дополнителен доказ дека вежбањето може да помогне во борбата против зголемените стапки на деменција кај постарите лица – и дека заштитните ефекти може да траат подолго отколку што мислевме.

„Ако можеме да ја смениме траекторијата на стареење и да ги направиме луѓето когнитивно поздрави подолго со едноставна интервенција, како што е вежбањето, можеме да ја спасиме нашата заедница од огромните лични, економски и социјални загуби поврзани со деменција", велат научниците.

# ИЗЛЕЗЕ НОВОТО ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ НЕДЕЛНИК


www.australianmacedonian.com.au

AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY

Австралиско Македонски Неделник

Edition No. 1825 Year 37 • Tuesday, 30 July 2024 • Price $4.00 inc GST

Патувајте во Македонија и секаде во светот

A AVIO TRAVEL

335 High St Preston

(03) 9471 4556

(03) 9471 4559

mobile

0401 686 979

АВСТРАЛИЈА БАРА ПОТВРДА ЗА ЖИВОТ АКО ДОБИВАТЕ ПЕНЗИЈА ВО СТРАНСТВО

ПАТОТ НА ЦРЕШОВОТО ТОПЧЕ:

СВЕЧЕНОСТ И БЛАГОСЛОВ ВО БИГОРСКИОТ МАНАСТИР

ПОСЛЕ СКАНДАЛИТЕ ВО ОГРАНОЦИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СИНДИКАТИ:

ВЛАДАТА ЌЕ ПОСТАВИ АДМИНИСТРАТОР НА НАЈГОЛЕМИОТ ДОНАТОР ВО ЛАБУРИСТИЧКАТА ПАРТИЈАТА

ФИЛИПЧЕ, НОВИОТ ЛИДЕР НА СДСМ: ЈАС РАБОТЕВ ЧЕСНО И НЕ СЕ ПЛАШАМ ДЕКА ЌЕ МЕ АПСЕЛЕ

НА „ВРЕДИ“ ИМ ФАЛИ УШТЕ САМО ДРЖАВНА „АЛБАНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ“ НЕ СЕ ТИЕ СТРАДНИ, ТУКУ БЕЗОБРАЗНИ!

ПАТНИК ОД АВСТРАЛИЈА ДОБИЛ ГЛОБА ЗАШТО НЕ ПРИЈАВИЛ ПОДАРОЦИ ЗА ЦАРИНЕЊЕ

БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА

arnold thomas & becker lawyers

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за оштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места / Comcare Claims
- Суперанувација / неспособност за работа

За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

Tony Siskovski
Director

arnold thomas & becker lawyers

ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ

573-577 Lonsdale Street, Melbourne, VIC 3000 www.arnoldthomasbecker.com.au

# АФИРМИРАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

СЕКОЈ ВТОРНИК ВО ВАШАТА НАЈБЛИСКА ПРОДАВНИЦА ЗА ВЕСНИЦИ

### ТАБЕЛА

| | |
|---|---|
| Маунт Друит Таун | 60 |
| Булс Академи | 58 |
| Хакоа Сиднеј | 52 |
| Сиднеј Македонија | 50 |
| СД Раидерс | 44 |
| Нордерн Тајгерс | 42 |
| Блектаун Спартанс | 42 |
| НЈВ Универзитет | 40 |
| Интер Лајонс | 35 |
| Бонириг Вајт Иглс | 32 |
| Ридалмер Лајонс | 30 |
| Кантербури Бенкстаун | 29 |
| Дулвич Хил | 22 |
| Макартур Рамс | 20 |
| Дунбар Роверс | 14 |
| Непеан | 12 |

**ПРВА ЛИГА НА НЈВ, 26 КОЛО**

## Сиднеј Македонија – Хакоа Сиднеј 2:1

Минимална победа за Сиднеј Македонија на Џенсен стадионот во Бенкстаун. Гостите први дојдоа до гол во 11 минута преку Самуел Јанг за 0:1. За изедначување се чекаше до 38 минута кога Крис Пејн ја затресе мрежата за 1:1.

Во второто полувреме само што започна играта во 47 минута Џонатан Грозданоски го постави конечниот резултат од 2:1.

Во сабота, на 3 август, Сиднеј Македонија ја пречекува екипата на Непеан со почеток во 17 часот.



*За екипата на Хакоа Сиднеј оваа сезона игра Кристофер Нешковски*

**НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА НЈВ, 26 КОЛО**

## Рокдаел Илинден – АПИА Леикард 2:1

Освоени се нови три бодови за Рокдаел Илинден со пресврт и минималната победа над АПИА Леикард. Гостите први дојдоа до водство со голот на Џек Стјуард во 58 минута. После тоа следеше ангажирана игра и два гола во завршницата преку Никола Кулески во 76` и Даниел Колинс во 88 минута за 2:1.

Во среда Рокдаел Илинден играше елиминационен натпревар за Купот на Австралија со А–лигашот Њукастел Џетс. За жал гостите на крајот се радуваа со минимална победа од 1–2. Стрелци на головите беа: Баи Антониу за Рокдаел Илинден во 30 минута и Џастин Висиќ во 11` и 45 минута за Њукастел Џетс.

Во недела, на 4 август, продолжува регуларното првенство и Рокдаел Илинден гостува кај Волонгонг Вулвс со почеток во 15 часот.



### ТАБЕЛА

| | |
|---|---|
| Рокдаел Илинден | 62 |
| Маркони | 56 |
| АПИА Леикард | 48 |
| Блектаун Сити | 48 |
| Волонгонг Вулвс | 43 |
| Сиднеј Јунајтед | 43 |
| Сент Џорџ Сити | 40 |
| Сиднеј Олимпик | 39 |
| Вестерн Сиднеј Вондерерс | 32 |
| Манли Јунајтед | 29 |
| НЈВ Спирит | 27 |
| Сент Џорџ Сеинтс | 26 |
| Сатерланд Шаркс | 25 |
| Хилс Јунајтед | 24 |
| Централ Кост Маринерс | 23 |
| Сиднеј | 22 |

MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија

Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205
Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти.
Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти.
За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.
Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.
Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days
403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

### КАПИТАЛ ПРЕМИЕР ЛИГА, 16 КОЛО

# Вест Канбера Вондерерс – Квинбијан Македонија 0:4

На студеното време во Канбера, нашата Квинбијан Македонија забележа уште една убедлива победа. Головите ги постигнаа: Габриел Ајуел 13`, Марк Шилдс 25`, и Сет Бонет во 75` и 83 минута за 0:4.

Квинбијан Македонија е прва на табелата и со новите три бода само се зацврсти уште повеќе на врвот, каде е со 41 бод и има осум повеќе од второпласираната екипа на Белконен Јунајтед.

Во сабота, на 3 август, Квинбијан Македонија ја пречекува екипата на Канбера Вајт Иглс со почеток во 15 часот.





### НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА ЗА, 18 КОЛО

# Перт Ред Стар – Стирлинг Македонија 0:3

Резултат кој дава самодоверба за екипата на Стирлинг Македонија која лесно го совлада тимот кој до сега важеше за главен конкурент на Олимпик Кингсвеј за првото место. Головите за Стирлинг Македонија ги постигнаа: Калвин Витни 18`, Александар Таневски 41` и Киаран Брн во 89 минута.

Во сабота, на 10 август, Стирлинг игра на домашен терен на Македонија парк, каде ја пречекува екипата на Балката со почеток во 17 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Олимпик Кингсвеј | 42 |
| Перт Ред Стар | 37 |
| Фриментл Сити | 33 |
| Стирлинг Македонија | 32 |
| Армадел | 27 |
| Бејсвотер Сити | 26 |
| Вестерн Најтс | 22 |
| Флореат Атена | 21 |
| Балката | 19 |
| Перт | 16 |
| Перт Глори | 12 |
| Инглвуд | 9 |



## ПРЕМИЕР ЛИГА НА ВИКТОРИЈА, 24 КОЛО

# Вереби Сити – Престон Македонија 2:3

Извонреден беше почетокот на средбата за Престон кој веднаш создаде неколку шанси пред голот на домаќинот. Во шестата минута преку Конор Бел беше постигнат првиот гол за 0:1. За вториот гол се погрижи Чок Дау во 30 минута, и со предност од 0:2 се замина на одмор.

Во второто полувреме Лук Џего во 80 минута ја затресе мрежата за 0:3. Кога се очекуваше крај на средбата со убедлива победа во 90 минута беше досуден пенал за ненамерна игра со рака во казнетиот простор. После изведениот удар и добрата одбрана, на топката натрча Тула и намали на 1:3. Во судиското продолжение се играше 94 минута кога повторно Тула ја затресе мрежата поставувајќи го конечниот резултат 2:3.

Во петок, на 2 август, Престон Македонија ја пречекува екипата на Мелбурн Сити со почеток во 20:30 часот.

### ТАБЕЛА

| | |
|---|---|
| Мелбурн Виктори | 48 |
| Престон Македонија | 44 |
| Вестерн Јунајтед | 44 |
| Норткот Сити | 42 |
| Булин | 35 |
| Мелбурн Сити | 34 |
| Лангварин | 34 |
| Џорџ Крос | 32 |
| Бентли | 31 |
| Брансвик Сити | 29 |
| Истерн Лајонс | 27 |
| Кингстон Сити | 25 |
| Вереби Сити | 17 |
| Норт Џилонг | 14 |



## НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА ВИКТОРИЈА, 24 КОЛО

# Алтона Маџик Вардар – Мореланд Сити 6:3



Висока победа за Алтона Маџик Вардар пред домашната публика над Мореланд Сити кој практично го има резервирано местото за испаѓање од лигата. Сепак во првиот дел од средбата гостите покажаа знаци дека нема да се предадат лесно и во 20 минута преку Рахул Суреш дојдоа до водство од 0:1. Изедначувањето дојде набргу во 25 минута преку Даниел Фабризио за 1:1.

Во второто полувреме само што започна играта Бул Џуак донесе водство за "магичните" од 2:1. Даниел Дузел во 57 минута зголеми на 3:1. Гостите преку Апаи Укуно намали ја 3:2 во 65 минута. После тоа следеа уште два брзи голови на Џуак во 81` и 83 за 6:2. Конечниот резултат од 6:3 во 90 минута го постави Хосе Санж.

Во петок, на 10 август, Алтона Маџик Вардар гостува кај Хјум Сити со почеток во 19 часот.

### ТАБЕЛА

| | |
|---|---|
| Саут Мелбурн | 56 |
| Авондаел | 50 |
| Окли Канонс | 47 |
| Хјум Сити | 47 |
| Хајделберг Јунајтед | 45 |
| Данденонг Сити | 34 |
| Порт Мелбурн Шаркс | 33 |
| Мелбурн Најтс | 32 |
| Алтона Маџик Вардар | 30 |
| Данденонг Тандер | 25 |
| Грин Гали | 24 |
| Сент Албанс | 19 |
| Манингам Јунајтед | 18 |
| Мореланд Сити | 11 |




Australian Macedonian TODAY
22
СПОРТ
ISSN 1442-195X

# ДВЕ БОКСЕРКИ ЗА КОИ ИМА СОМНЕЖ ДЕКА СЕ МАЖИ





Меѓународниот олимписки комитет одлучи на турнирот во женски бокс на Олимписките игри во Париз да им дозволи настап на две боксерки кои минатата година беа суспендирани од Светското првенство бидејќи се смета дека се биолошки мажи. Станува збор за Имани Келиф од Алжир и Лин Ју-Тинг од Тајван.

Келиф и Ју-Тинг тогаш беа суспендирани по одлука на Меѓународната боксерска федерација (ИБА), која раководи со најголемите натпревари во овој спорт.

Претседателот на ИБА, Умар Кремлев тогаш изјави:

„ДНК тест докажа дека имаат XY хромозоми и според тоа беа исклучени од натпреварувањето.“

Меѓутоа, дојде до влошување на односите помеѓу ИОК и ИБА поради што боксерската федерација беше исклучена од организацијата на боксерските турнири на олимписките игри, па тоа сега е во надлежност на ИОК, кој донесе различна одлука во врска со Келиф и Ју-Тинг.

Келиф инаку во кариерата има ефект од девет победи и пет порази, а Ју-Тинг има 19 победи и пет порази. По минатогодишната дисквалификација на Келиф, Мексиканката Брианда Тамара го опиша своето искуство во борбата со неа.

„Кога се борев со неа, бев надвор од себе. Нејзините удари многу ме болеа, мислам дека никогаш не сум се чувствувала така во моите 13 години боксување, ниту во спаринг со мажи. Фала му на бога дека тој ден излегов од рингот и добро е што конечно сфатија“, истакна мексиканската боксерка.

Според научните истражувања, просечната сила на удар е 162 проценти поголема кај лица кои поминале низ машки пубертет. На одлуката на ИОК реагираше Ненси Хогсхед, американска пливачка и сопственичка на три злата.

„Имани Келиф од Алжир и Лин Ју-Тинг од Тајван ќе се натпреваруваат во женскиот олимписки бокс – и покрај тоа што минатата година беа дисквалификувани поради XY хромозоми, машки фенотип. Да се потсетиме дека мажите – без оглед на тоа како се идентификуваат – имаат 162 проценти посилен удар од жените – што е најголемата разлика во перформансите меѓу мажите и жените. Оваа идеологија може да доведе до смрт кај жените“, изјави Ненси Хогсхед.

